**До: Град Скопје; г-дин Коце Трајановски, градоначалник**
**Сектор за комунални дејност; г-дин Зоран Лапевски, раководител**
**Одделението за комунални работи од областа на комуналната хигиена, г-дин Драги Митковски, раководител**

**Предмет: Барање за достава на Програма за контрола и намалување на прекубројноста на бездомни кучиња и Одлука за чување животни и домашни миленици**

Почитувани,

Согласно потребите од анализа која ја спроведуваме на третманот на животните во Единиците на локална самоуправа во Р. Македонија, активност во рамки на проектот **„ЗАЕДНО ЗА ЖИВОТНИТЕ, ЗАЕДНО ЗА ГРАЃАНИТЕ!“** спроведуван од здружението за заштита на животни „Анима Мунди“, во партнерство со здруженијата „Гласот за животните„, „Мали Хероi“ и „Анималиа„, , поддржан од УСАИД и Фондација Отворено општество – Македонија;

И нашата цел да дадеме свој придонес - помогнеме на општините во Р. Македонија, вклучително град Скопје во доменот на дејствување кој го опфаќа третманот на животните и дефинирањето на правата и обврските на сопствениците на животни,

**Ве замолуваме за информации во однос на следниве документи, како и нивна достава**:

1. Информација дали град Скопје има усвоено Програма за контрола и намалување на бројот на бездомни кучиња (или друг вид документ кој го третира ова прашање)

1.1. **Писмена достава - увид во Програмата за контрола и намалување на бројката бездомни кучиња** (или друг вид документ кој го третира ова прашање)

**2.** Информација дали град Скопје има донесено Одлука за чување на животни и домашни миленици на територија на град Скопје (согласно Законот за комунални дејности)

**2.1. Писмена достава - увид во Одлуката за чување на животни и домашни миленици на територија на град Скопје** (или друг вид документ кој го третира ова прашање)

**Истите документи ни се потребни за да ги анализираме и ревидираме, т.е. ќе Ви бидат доставени наши предлози и корекции (доколку ги имаме) изработени од претставниците на здруженијата, адвокатскиот тим на нашите организации; кои ќе бидат усогласени со македонското законодавство, но и најдобрите европски практики.**

**Формата во која ја ни се потребни овие информации се: писмен документ (копија), или електронски запис, заклучно со 30.01.2014. година.**

**Документите може да ни бидат испратени електронски, на e-mail адресата на здружението за заштита на животни „Анима Мунди“: anima.mundi.sk.mk@live.com , или на поштенската адреса на здружението: Ул. Ордан Пиперката бр 33; 1 000 Скопје.**

Веруваме дека ќе наидеме на Вашата расположивост за соработка со што заеднички ќе придонесеме за заштитата на животните, дефинирање на правата и обврските на сопствениците на животни, како и на граѓаните на град Скопје во целост.

Однапред Ви благодариме за соработката,

Срдечно,

Здружение за заштита на животни „Анима Мунди„
Претседател Столе Велковски, тел. 077 487 253; 077 487 255
Адреса: Ул. „Ордан Пиперката“ бр 33

Anima.mundi.sk.mk@gmail.com